# ОПШТИ УСЛОВИ
## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ СТОКА ВО ПОМОРСКИ ПРЕВОЗ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) По овие Услови се осигурува стока во превоз по море од загуба и оштетување.

(2) Стоката може да се осигурува во меѓународниот и домашниот превоз.

Член 2

(1) Осигурување може да се договори од основните или сите ризици кои ја загрозуваат стоката во превозот по море.

(2) Осигурување може да се договори и само од потполна загуба на стоката.

(3) Осигурување може да се договори и од ризици кои не се опфатени со овие Услови.

Член 3

(1) Под внатрешен (домашен) превоз, во смисла на х овие Услови, се смета оној превоз кај кој пристаниште на утоварување и пристаништето каде стоката се растоварува се наоѓа на територијата на Југославија.

(2) Под меѓународен превоз, во смисла на овие Услови се смета превоз кај кој пристаниште во која која стоката се товари се наоѓа на подрачјето на една, а пристаниште во која стоката се истоварува на подрачјето на друга држава.

Член 4

(1) Стока, во смисла на овие Услови, се смета секоја ствар што е предмет на превоз.

(2) Стока, во смисла на овие Услови, се сметаат и возила и машини кои се движат на сопствени тркала.

### II. ОСИГУРЕНИ РИЗИЦИ

1. **<u>Осигурување од основни ризици</u>**

Член 5

(1) Ако е договорено осигурување од основни ризици, осигурувачот на осигуреникот ќе му исплати надоместок за штета која на стоката настанала за времена на превозот по море поради:

1. ризик на морето (судир, удар, насукување, допирања на дното, потонување, бродолом, исчезнување (нестанок) на бродот, луња и невреме на море, отпловување на стоката на палуба, допир со морската вода,
2. пожар,
3. разбојништво, и разбојничка кражба,
4. фрлање во море,
5. баратерија на заповедникот и морнарите.

(2) Осигурувачот на осигуреникот, доколку е договорено осигурување на основните ризици ќе му надомести и загуба или оштетување на стоката која ќе настане за време на осугурениот превоз и поради: експлозија, судар на возила, допир на возилото со некој надворешен предмет, загуба на цели колети за време на натовар, претовар или истовар и оштетување при товарување во боравишното пристаниште.

## Член 6

(1) Поимите судар на брод, удар, насукување, налегнување допирање на дното, потонување, бродолом, загубување на бродот, се утврдуваат врз основа на важечките прописи и обичајното право

(2) Во смисла на овие услови под ризик се смета:

1. луња и невреме: секоја поголема елементарна непогода за време на осигураното патување;

2. отпловување на стоката од палуба: испаѓање на стоката во море под дејство на ветер или бранови;

3. допир со морска вода: допир кој дошол по поморска несреќа или намера на посадата на бродот;

4. фрлање во море: намерно фрлање на дел од товарот во море заради отстранување на заедничка опасност и товарот;

5. баритерија: лоша намера, дело на капетанот на бродот или членовите на екипажот на бродот, од кои произлегла опасност по бродот и товарот;

(3) Ако штетата на стоката настанала поради пожар кој настанал со самозапалување на стоката, осигуреникот е во обврска на осигуреникот да му надомести штета само доколку тоа посебно е договорено.

(4) Ако штетата на стоката настанала поради експлозија, осигурувачот на осигуреникот ќе му надомести штета само ако тоа е посебно договорено.

(5) По исклучок на одредбите од претходниот став доколку по експлозијата дојде до пожар на стоката, осигурувачот е во обврска на осигуреникот да му надомести штета која е последица на пожарот или е во врска со него.

(6) Осигурувачот е во обрска на осигуреникот да му надомести штета која ќе настане поради отпловување на стока од палубата само доколку превозот на стоката се врши на палубата во зависност од нејзината природа, ако бродарот, спротивно на договорот за превоз, ја натовари стоката на палуба или ако превозот на стоката на палубата е вршен со знаење на осугурувачот.

## Член 7

(1) Разбојништво или разбијничка кражба што ја врши капетанот, членовите на екипажот или патниците не е опфатено со осигурувањето според одредбите од член 5, став (3) по овие услови.

(2) Во смила на одредбите од член (1) и член 3 на овие осигурувачот ќе ја надомести штетата само ако разбојништвото или разбојничката кражба го причиниле надворешни лица.

Член 8

Ако е договорено осигурување од основните ризици клаузула Б и Ц, осигурувачот е во обрска на осигуреникот да му плати придонес во генералната хаварија.

## 2. Осигурување "Против сите ризици"

Член 9

(1) Аки се договори осигурување по услови "Против сите транспортни ризици" (ALL RISKS) осигурувачот на осигуреникот ќе му исплати надоместок за штета која ќе настане за време на осигурениот превоз поради опасностите наведени во член 5 од овие Услови, како и штети што ќе настанат поради:

1. кражба на цели колети или делумна кражба од пооделнли колети,
2. неиспорака на стоката,
3. слатка вода,
4. допир (контакт) со друга стока,
5. небрежност на капетанот и екипажот на бродот,
6. невнимателно манипулирање при натоварот, истоварот и претоварот,
7. други вонредни опасности на кои стоката е подлежна за време на превозот.

(2) Осигурувачот не е во оберска на осигуреникот да му исплати надомест за штета според одредбите од претходниот став, ако штетата настане од опасности од кои стоката може посебно да се осигура (член 13 од овие Услови) поради опасности што се изземени од осигурувањето (член 13 на овие Услови, или задоцнување со испораката.

Член 10

(1) По исклучок на одредбите од член 9 на овие Услови осигурување може да се договори од основните ризици и ризиците кражба, делумна кражба и неиспорака.

(2) Во смисла на одредбите од претходниот став, во договорот за осигурување мора да се означи дека осигурувањето се склучува само од основните ризици и ризиците кражба, делумна кражба и неиспорака.

## 3. Дополнителни ризици

Член 11

(1) Ако тоа посебно се договори, осигурувачот на осигуреникот ќе му исплати надоместок за штета која ќе настане на осигурената стока поради:

1. Одбивање,
2. оштетување на стоката од било кои причини,
3. загрејување или потење од било кои причини,
4. стврднување од било кои причини,

5. растурање - кусок од било кои причини,
6. течење - кусок од било кои причини,
7. угинување на егзотични животни од било кои причини,
8. угинување на животни и кршење на нозе од било кои причини,
9. самозапалување од било кои причини,
10. одмрзнување на пратки што се превезуваат во ладилници (фрижидери) од било кои причини,
11. расипување на месо, овошје, или зарзават од било кои причини,
12. расипување на солени и сушени црева од било кои причини,
13. надувување (бомбаш),
14. сушење, овенување од било кои причини,
15. смрзнување од било кои причини,
16. експлозија од било кои причини,
17. осветлување на филмови од било кои причини,
18. слични опасности.

(2) Условите за осигурување од опасностите (ризиците) од претходниот став, се утврдуваат со договорот за осигурување.

## 4. Осигурување од потполна загуба

### Член 12

(1) По исклучок на одредбите од член 5, 9 и 11 на овие Услови, стоката може да се осигури само од потполна загуба.

(2) Под потполна загуба на стоката, во смисла на одредбите од претходниот став, се смета загуба на стоката која ќе настане (дојде) поради загубување на бродот.

(3) Ако се договори осигурување во смисла на одредбите од став (1) тоа во договорот за осигурување посебно мора да се наведе.

## 5. Исклучени ризици

(1) Осигурувачот не е во обврска на осигуреникот да му исплати надоместок на штета која на осигурената стока ќе настане поради:

1. опасности врзани за време на превозот на стоката на палуба или во отворени коли (вагони) освен ако тоа посебно не е договорено;

2. опасности што настануваат поради недоволното пакување или недостатоци во пакувањето на стоката, која заради тоа по својата природа е изложена на загуба или оштетување;

3. опасности врзани со натоварот или истоварот или опасности потекнати од неправилното натоварување на стоката која ја натоварува испраќачот или истоварува приемачот;

4. нарочни опасности кои настануваат поради потполно или делумно оштетување или загуба на стоката (рѓење, внатрешно расипување кое настанува само по себе, течење, сушење, растурање, загуба во тежина и сл.), на што стоката е изложена поради својата особина, освен ако тоа не е посебно договорено;

5. опасности кои ќе настанат поради тоа што предметите кои се изземени од превоз или предмети кои на превоз се примаат само под определени услови - се предадени на превоз со исправни, неточни или непотполни означувања, или што испраќачот не ги презел пропишаните мерки на внимание;

6. опасности на кои се изложени живи животни при превозот, освен ако тоа посебно не е договорено;

7. опасности кои пратители на живи животни или на стоката биле должни да ги отклонат,

8. опасности кои ќе настанат на стоката заради недостаток во конструкцијата, лошото одржување и нередовно обележување на уредите на колите кои служат за превоз на стоката, а се наоѓаат на управување на осигуреникот или на лице за кое тој одговара;

9. лоша намера и крајна небрежност на осигуреникот,

10. војна и на војната слични настани или штрајк (воени и политички ризици) и атомски ризици;

11. Осигурувачот не е во обврска на осигуреникот да му надомести ни штета која може однапред да се предвиди и избегне.

6. <u>Траење на осигурувањето</u>

Член 14

(1) Осигурувањето започнува од моментот кога стоката ќе го напушти складот во местото означено во договорот за осигурување, заради започнување на превозот и трае додека стоката не биде испорачана во последниот склад во местото на одредиште наведено во договорот за осигурување;

(2) Осигурувањето во секој случај престанува по истек на рокот од 60 дена од денот на истоварувањето на стоката, доколку поинаку не е договорено.

(3) Рокот од претходниот став тече од полноќта на оној ден кога е извршено истоварување на стоката од бродот.

Член 15

(1) Стоката е осигурена и за време скршнување од патот или задоцнување кое не е зависно од волјата на осигуреникот, присилно истоварување, повторно натоварување и претоварување.

(2) Стоката е осигурена и во случај на некоја друга измена во превозот извршена во склад со договорот за превоз.

(3) Стоката е осигурена и во случај на патување или некој друг пропуст или грешка направена во интерес на осигурената стока или интересот на стоката, бродот или патувањето

Член 16

(1) Доколку поради околности кои не се зависни од волјата на осигуреникот договорот за превоз престане да важи во друго пристаниште или место, а не во одредиштето означено во договорот за превоз, или превозот се заврши пред испорака на стоката во складот на примачот или друг склад означен во договорот за осигурување, стоката останува осигурена додека таа не се продаде и не испорача во тоа пристаниште или место или додека не стигне во складот на примачот или друг краен склад во одредиштето наведено во договорот за осигурување.

(2) Ако отпремата на стоката на купувачот, во смисла на претходниот став, започне пред да истече рокот од 15 дена, осигурувањето престанува кога стоката отпочнува да се отпремува (превезува) на купувачот.

(3) Ако продажбата на стоката се изврши по истек на рокот од став (2), а за време додека стоката е осигурена, договорот за осигурување престанува да важи во моментот на продажбата.

Член 17

(1) Стоката во смисла на чл. 15 и 16, став (1) на овие услови е осигурена само ако осигуреникот за настанатата измена го известил осигурувачот веднаш по прием на известувањето за извршените измени и ако плати додатна премија за осигурување која ќе ја побара осигурувачот.

(2) Доколку осигуреникот не постапи по одредбите од претходниот став, договорот за осигурување престанува да важи на денот на извршената промена.

Член 18

Стоката по основ на одредбите од чл. 15 и 16 на овие услови е осигурана доколку осигуреникот постапува со примерна брзина во околностите кои се зависни од неговото однесување (волја).

7. Осигурена вредност

Член 19

(1) Стоката може да се осигури на вистинска или фактурна вредност.

(2) Покрај фактурната вредност можат да се осигураат и трошоците врзани со транспортот на стоката како: трошоците за превоз, царината, осигурувањето, трошоците за шпедиција и слично.

(3) Покрај трошоците од претходниот став може да се осигури и очекуваната добивка но најмногу во износ од 20% од вредноста на стоката.

Член 20

(1) Доколку ништо не е договорено во врска со вредноста на стоката, се смета дека стоката е осигурена на вистинската вредност.

(2) Вистинската вредност на стоката се утврдува спрема вредноста на стоката во местото на отпремување во време на предавање на стоката на превоз.

(3) Се смета секогаш дека стоката е осигурена на вистинската вредност ако е осигурена фактурната вредност на стоката со трошоците и добивката кои по овие услови можат да се осигураат.

## III. ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

1. Склучување на договор

Член 21

(1) Договор за осигурување се склучува врз основа на понуда за осигурување на осигуреникот или договорувачот на осигурување. Понуда за осигурување може да се поднесе усно или писмено.

(2) Понудата за осигурување, што ќе ја поднесе лице кое сака да склучи осигурување за стоката, таа мора да ги содржи податоците за: видот и количеството на стоката, ознака, тежина на стоката, видот на превозното средство, ризикот од кој се бара осигурување, ознака на превозното средство и релација на превозот.

(3) По исклучок на одредбите од претходниот став договорот за осигурување може да се заклучи и кога осигуреникот во понудата го наведе видот на стоката, превозното средство, местото на отпрема и одредиште, ризикот од кој се бара осигурувањето и износот на кој се бара осигурувањето, со тоа за останатите податоци дополнително да го извести осигурувачот, во рок кој со договорот за осигурување ќе се утврди.

(4) Ако осигуреникот не го извести осигурувачот во смисла на одредбите од претходниот став за податоците од став (1) на овој член ќе се смета дека договорот за осигурување не е заклучен.

Член 22

(1) Понудата за осигурување осигурувачот може да ја прифати или одбие.
(2) Се смета дека усно доставената понуда за осигурување осигурувачот ја одбил, ако веднаш не ја прифати.
(3) Ако осигурувачот не одговори на писмената понуда во рок кој по нормалниот тек на работите е потребен за одговор ќе се смета дека понудата за осигурување е прифатена.

Член 23

Се смета дека договорот за осигурување е заклучен кога осигурувачот ќе ја прифати понудата за осигурување.

2. Премија за осигурување

Член 24

(1) Осигуреникот е должен премијата за осигурување да ја плати во рок од 15 дена од приемот на фактурата, доколку поинаку не е договорено.
(2) Премијата за осигурување може да ја плати секое друго заинтересирано лице кое има имотно правен интерес да се задржи (одржи) договорот за осигурување.
(3) Денот на уплатата на премијата за осигурување преку пошта со уплатници или со налог за пренос, се смета како ден на уплата на премијата за осигурување на осигурувачот.

Член 25

Ако осигуреникот не ја плати премијата за осигурување, а дојде до остварување на осигурена опасност, осигурувачот може да го одбие осигуреникот од надоместок на штета.

3. Утврдување на исплата на штета

Член 26

(1) Штета на стока или загуба на стоката во превоз ја утврдуваат осигуреникот и превозникот заеднички.
(2) Ако возарот одбие да учествува во утврдување на штетата, осигуреникот е должен да преземе мерки заради обезбедување на докази дека штетата се случила за време на осигуреното патување и за тоа да го извести осигурувачот ако се цени дека штетата ќе го мине износот од 20.000,00 динари.
(3) Се претпоставува дека осигуреникот ја примил стоката неоштетена, ако не постапи по одредбите од претходниот став.

Член 27

(1) Оштетно барање за обештетување по основ од осигурување се поднесува писмено.
(2) Кон оштетното барање се приложува полиса за осигурување,

оригинална превозна исправа (коносман), записник за утврдување на штетата, фактура за осигурената стока или друг доказ за вредноста на стоката и други докази за платени трошоци во врска со оштетената стока, до колку зависните трошоци се осигурени, како и други докази за причина и висина на настанатата штета.

(3) Со поднесување на оштетното барање, осигуреникот на осигурувачот му доставува и цесија за пренос на своите права кои ги имал спрема лицата одговорни за штетата.

Член 28

(1) Осигурувачот е должен на осигуреникот да му исплати надоместок на штета во висина на вистинската штета на стоката, но најмногу до осигурената вредност на стоката.

(2) Ако осигурената вредност на стоката и добивката е поголема од вистинската вредност на стоката, односно од висината на добивката која може да се осигура, Осигурувачот ќе ја надомести вистинската штета.

(3) Ако осигурената вредност на стоката односно добивката е помала од вистинската вредност, односно од висина на добивката која може да се осигура, осигурувачот на осигуреникот ќе му надомести штета која одговара на односот помеѓу осигурената и вредноста која можела да се осигура, но најмногу до осигурената вредност.

(4) Осигурената вредност ја преставува максималната граница на обврската на осигурувачот спрема осигуреникот.

Член 29

(1) Кај хартиите од вредност, штедни книшки, меници, чекови и други вредносни ствари, кои можат да се огласат како неважечки осигурувачот како штета ќе ги надомести трошоците за тоа известување.

(2) Ако се оствари наплата на некоја од вредностите означени во претходниот став или осигуреникот поради нивното огласување за неважечки претрпел некаква штета, осигурувачот на осигуреникот ќе му ја надомести вистинската штета, до осигурениот износ на таа ствар.

Член 30

(1) Придонесот за генерална хаварија, осигурувачот ќе го плаќа врз основа на дефинитивна пресметка во целост ако придонесот утврден во пресметката, е еднаков или понизок од осигурената вредност на стоката.

(2) Ако придонесот за генерална хаварија е поголем од осигурената вредност на стоката, осигурувачот на име придонес ќе ја надомести вистинската штета до осигурениот износ на тој предмет.

Член 31

(1) Генералната хаварија и спасувањето се утврдува спрема прописите и праксата која важи во одредено (определеното) место на стоката односно бродот.

(2) Ако тоа во договорот за превоз се предвидува, пресметката за генералната хаварија може да се направи и по правилата York Antwerpen од 1950.

Член 32

(1) Ако е договорена интегрална или одбитна франшиза, Осигурувачот ќе го надомести делот на штета кој го минува износот на договорената франшиза, но најмногу до осигурената вредност на стоката.

(2) Ако тоа во договорот за превоз не се предвидува, природно својство, губиток во тежината (калира), осигурувачот на осигуреникот ќе

му надомести штета која го минува износот над таа редовна загуба, но најмногу до осигурениот износ, доколку поинаку не е договорено.

Член 33

(1) Осигурувачот на осигуреникот покрај надоместокот за загуба или оштетување на стоката, ќе му ги надомести и разумно направените трошоци за спасување на стоката.

(2) Ако осигурената вредност на стоката е помала од вистинската вредност, осигурувачот на осигуреникот ќе му ги надомести трошоците за спасување во сразмера која одговара на односот помеѓу осигурената вредност и вистинската вредност на стоката.

(3) Надоместокот на штетата на стоката и трошоците за спасување, кои ги плаќа осигурувачот, не може да биде поголем од осигурената вредност на стоката.

Член 34

(1) Осигурувачот на осигуреникот ќе му надомести и штета која тој треба да ја плати на сопственикот на бродот по основ на договорот за превоз (по клаузулата: "за судир поради обострана вина").

(2) За случаи од претходниот став осигуреникот е должен за секое барање на сопственикот на бродот да го извести осигурувачот.

(3) Осигурувачот има право по прием на известувањето да ги преземе сите мерки со цел за заштита на интересот на осигурувачот и осигуреникот.

(4) Трошоците за преземените правни работи паѓаат на товар на осигурувачот.

(5) Ако осигурувачот исплати надоместок на осигуреникот според одредбите на став (1) од овој член, тогаш осигуреникот нема право на надоместок по основ на осигурувањето на стоката.

Член 35

(1) Осигурувачот не е во обврска на осигуреникот да му исплати надоместок за штета:

1. ако релацијата или превозното средство не одговара на означените во договорот за осигурување;

2. ако осигуреникот ги прикрие или неточно ги прикажал околностите од влијание за оцена на ризикот.

(2) Осигурувачот не е во обврска на осигуреникот да му исплати ни надоместок за штета која на осигурената стока ќе настане поради пропусти на осигуреникот да преземе мерки за спречување настанување на штета односно за отклонување на штетните последици.

(3) Осигурувачот не е во обврска на осигуреникот да му надомести загуба или оштетување на стоката кои ќе настанат по вина на возарот или други чувари кои можат да бидат одговорни за таква загуба или оштетување за време додека стоката се наоѓа кај нив за чување или загрижување ако осигуреникот во договорот за превоз или вскладиштување се откажал од правото за надомест на штета од нив.

(4) Осигурувачот не е во обврска да му надомести штета на осигуреникот која ќе настане по вина на возарот или чуварот, ако осигуреникот во договорот за превоз односно вскладиштување ги овластил нив да можат да се користат со правото од договорот за осигурување.

(5) По исклучок на одредбите од ст. (3) и (4) на овој член, ако до загуба или оштетување на стоката дојде поради остварување на некои од осигурените опасности, а возарот односно чуварот на стоката ќе одбие на осигуреникот да му ја надомести штетата, осигурувачот на осигуреникот ќе му даде бескаматна позајмица во висина на износот кој осигурувачот би го платил да не е склучена обврската на осигурувачот по одредбите од ст. (3) и (4) на овој член.

(6) Во случаи од претходниот став, осигуреникот е должен да поведе спор против возарот односно чуварот за надоместок на штета на стоките.

(7) Осигуреникот е должен на осигурувачот да му ја врати позајмицата во износ кој успеал да го оствари во спорот против превозникот или чуварот на стоката.

(8) Трошоците за спорот паѓаат на товар на осигурувачот во делот кој се однесува на дадената позиција на осигуреникот.

Член 36

Обврската на осигурувачот за исплата на оштетата започнува од денот на прием на доказите потребни за утврдување на обврската на осигурувачот од договорот за осигурување.

4. Пренесување на правото од осигурувањето

Член 37

Осигуреникот може ако осигурувачот со тоа се согласи, своите права од договорот за осигурување да ги пренесе на други лица.

5. Право на регрес

Член 38

(1) Со исплата на штетата на осигурувачот му припаѓаат во границата на исплатената штета сите права кои осигуреникот ги има спрема лицата одговорни за штетата.

(2) Осигуреникот е должен да ги преземе сите мерки за зачувување и остварување на правото на регрес од осигурувачот.

(3) Осигурувачот може ако осигуреникот пропушти да преземе мерки од претходниот став, да го одбие осигуреникот од надоместокот на штета за износот што можел да го регресира од причинителот на штетата.

6. Престанок на договорот

Член 39

(1) Договорот за осигурување престанува да важи онака како е тоа предвидено со важечките прописи односно правните правила на имотното право и договорот.

(2) Отказниот рок за престанок на договорот со отказ изнесува 3 месеци, ако поинаку не се договори.

7. Место надлежност на судот

Член 40

Во случај на спор, за место надлежен суд се одредува судот спрема седиштето на осигурувачот.

8. Преодни и завршни одредби

Член 41

Во примената на Општите услови предност имаат Институтските клаузули А, Б и Ц, одредбите наведени во полисата и приложените специјални услови за осигурување.